**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Број: _____________ - 2014
Дата _____________
Скопје

Врз основа на член 70 од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 92/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009 50/2010, 19/2011, 53/2011,26/2012 I 91/2013) и Правилникот за индикациите за остварување право на ортопедски и други помагала ( Сл Весник бр. 33/201, 62/2011, 5/2012 и 84/2012), се склучува

**Д О Г О В О Р**
**за издавање на ортопедски и други помагала**

Склучен помеѓу:

1. Фонд за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст Фонд), застапуван од Директор М-Р МАЈА ПАРНАРЏИЕВА-ЗМЕЈКОВА и Директор ЏЕМАЛИ МЕХАЗИ XHEMALI MEHAZI како купувач на здравствени услуги – издавање на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита, од една страна, и

2. Правното лице ________________ со седиште на _________________ _______________ (во понатамошниот текст - добавувач) застапуван од директорот/управителот _____________ , со трансакциска сметка бр ______________ што се води кај _______________, со даночен број ___________, како давател на услуги од друга страна

**Предмет на договорот**
**Член 1**

Предмет на овој договор е регулирање на односите меѓу Фондот и правното лице за обезбедување на ортопедски помагала, очни помагала, слушни помагала, помагала за одржување на гласен говор (во понатамошен текст: ортопедски и други помагала) кои на осигурените лица им се обезбедуваат од средствата на Фондот, согласно Правилникот за индикациите за остварување право на ортопедски и други помагала (во натамошниот текст: Правилник), меѓународни договори за социјално осигурување, начинот и рокот на плаќање на услугите, правата и обврските на договорните страни, како и други прашања кои се однесуваат на меѓусебните односи на договорните страни.
Спецификацијата и видот на ортопедските помагала со референтни цени, што се предмет на овој договор се содржани во прилог бр. 1, кој е составен дел на договорот.
Прилогот од став 2 на овој член го потпишуваат директор на Фондот и директорот/управителот на добавувачот.

**Обврски на добавувачот**

**Член 2**

Добавувачот се обврзува издавање на ортопедските и други помагала да ги врши во рамките на дејноста за која е регистриран, да има Решение за вршење на дејност како специјализирана продавница која врши промет на мало со медицински помагала,согласно критериумите утврдени издадена од Министерството за здравство. Добавувачот се обврува да има платено придонес за задолжително здравствено осигурување, да негува добри деловни односи и да има одобрение за пуштање во промет (регистрација) за ортопедските помагала доколку тоа е утврдено со Законот за лековите и медицинските помагала.
Добавувачот ја врши дејноста врз основа на решение бр. «zu-resenie-broj» од «zu-resenie-datum» година издадено од Министерство за здравство.
Добавувачот мора да има склучено договор за дистрибуција или деловна соработка помеѓу вршителот на промет на мало со медицински (ортопедски) помагала и правно лице регистрирано за промет со медицински помагала на големо или производител, носител на решението за ставање во промет доколку подлежи на регистрација согласно Законот за лекови и медицински помагала.
За секое ортопедско и друго помагало кое е предмет на овој договор, добавувачот треба да има Решение за пуштање во промет издадено од Бирото за лекови, доколку е потребно согласно Законот за лекови и медицински помагала, наведено во Прилог бр. 1 на овој договор.
Добавувачот дејноста ја обавува исклучиво во една или повеќе специјализирани продавници наведени во Прилог бр.2 од договорот.
Добавувачот за цело време на важење на договорот треба да има обезбедено од производителот односно друг добавувач решение за ставање во промет на територија на Република Македонија на медицинското помагало издадено од Бирото за лекови, согласно Законот за лековите и медицинските помагала;
Добавувачот се обврзува на осигурените лица да им пружа квалитетно, навремено, економично и ефикасно обезбедување на ортопедски и други помагала.
За секоја статусна промена на седиштето, управителот и трансакциската сметка, добавувачот е должен да го извести Фондот во рок од 20 дена.

**Член 3**

Добавувачот се обврзува, да ги има на располагање и навремено да ги обезбедува ортопедските и други медицински помагала од Прилог бр.1 на овој договор и истите да се квалитетно изработени од стандарден материјал.
Стандардите за квалитет на помагалата се: начин на изработка на помагалото- индивидуално произведени помагала, сериски произведени кои е потребно да се прилагодат или сериски произведени наменети на сите осигурени лица, врсти на материјали од кои се изработени помагалата, број на помагала и др. параметри утврдени во Решенијата за пуштање во промет.
Добавувачот се обврзува, на осигурените лица на Фондот да ги испорачува помагалата по референтните цени утврдени со Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија , во натамошниот текст: Одлука.
Доколку дојде до промена на Одлуката, важат референтните цени од денот на влегување во сила на Одлуката со која е извршена промената.
Фактурирањето на подигнатите помагала добавувачот го врши по референтната цена на помагалото на денот на подигнување на истото од страна на осигуреното лице.
Добавувачот е должен да води евиденција на издадени ортопедски и други помагала кои паѓаат на товар на Фондот.

**Член 4**

Добавувачот се обврзува при склучувањето на договорот да достави изјава заверена од нотар за веродостојноста на понудените помагала во спецификацијата. Со изјавата добавувачот потврдува дека помагалата од списокот на помагала кои се понудени за испорака ( утврдените со критериумите од

Правилникот) се соодветни со помагалата од приложените решенија за пуштање во промет издадени од Бирото за лекови.

**Член 5**

Доколку осигуреното лице бара да подигне ортопедско помагало од повисок стандард, таквото ортопедско помагало е на терет на осигуреното лице.

Добавувачот не смее да нуди стандардно ортопедско помагало по цена повисока од цената утврдена во Одлуката.

**Член 6**

Добавувачот за издадените ортопедски и други помагала гарантира квалитет, исправност и функционалност на помагалото, согласно сите параметри утврдени во Правилникот и Решенијата за пуштање во промет.

Гарантниот рок на помагалата го одредува правното лице кое произведува или набавува помагала со кое Фондот има склучено договор и истиот не може да биде помал од 1 година, освен за помагалата кај кои рокот на траење е помал од 1 година**.**

За периодот на траењето на гаранцијата добавувачот е должен на товар на свои средства да ги отстрани сите дефекти и недостатоци на ортопедското помагало настанати не по вина на осигуреното лице.

Гарантниот рок на ортопедското помагало од став 1 на овој член, тече од денот на испораката на помагалото на осигуреникот.

Доколку ортопедското помагало стане неупотребливо за време на гарантниот рок не по вина на осигуреникот, давателот на услугите е должен истото да го замени со ново помагало на товар на своите средства.

**Член 7**

Ако осигуреното лице е повикано за проба или за прием на ортопедското помагало, а истото не е обезбедено по вина на добавувачот, трошоците за превоз и дневните трошоци на осигуреникот ќе паднат на товар на средствата на добавувачот.

**Начин на испорака**

**Член 8**

Испораката (издавањето) на ортопедските и други помагала се врши под услови, начин и постапка утврдени со Правилникот според Списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на Правилникот.

**Член 9**

Испораката на ортопедските и други помагала добавувачот ја врши врз основа на Потврда за потреба од ортопедско помагало, издадена од лекар специјалист од соодветната специјалност, односно од избран лекар за помагалата од член 43 од Правилникот.

Потврдите за потребата од ортопедско помагало од став 1 на овој член важат 30 дена од денот на издавањето од лекарот во кој рок осигуреникот треба да изврши заверка на потврдата во подрачната служба на Фондот и да изврши нарачка на ортопедското помагало кај правното лице што изработува и/или испорачува ортопедски помагала, со кое Фондот има склучено Договор.

Заверката на дел од ортопедските помагала ќе се врши преку веб порталот на фондот кога за тоа ќе се создадат технички услови.

Евидентирање на потврдите за потреба од ортопедско и друго помагало како подигнати или порачани од страна на осигурениците ќе се врши преку Веб порталот на фондот кога за тоа ќе се создадат технички услови.

**Член 10**

Испораката на ортопедското помагало на осигуреното лице треба да се изврши во рок од 30 дена од денот на приемот на потврдата за потребата од ортопедско помагало од страна на добавувачот, освен за протезите за горни и долни екстремитети и ортози за кои овој рок изнесува 60 дена.

Подигнување на помагалото може да го врши осигуреникот- корисник на помагалото, лично со приложување на документ за идентификација и здравствена легитимација или друго лице во име на лицето - корисник на помагалото со приложување на документ за лична идентификација, документ за идентификација и здравствена легитимација на лицето корисник на помагалото.

Ортопедското помагала се смета дека е примено од осигуреното лице доколку на потврдата за потребата од помагалото има датум и потпис на осигуреното лице или друго лицето кое го подига помагалото во име на осигуреното лице.

Доколку осигуреникот поседува елекртонска здравствена картичка подигувањето на помагалото осигуреникот ќе може да го верификува со електронски потпис од својата електронска здравствена картичка кога за тоа ќе се создадат технички услови

**Поправки**
**Член 11**

Добавувачот ќе изврши поправка на помагалото или замена на негов составен дел ако помагалото стане неупотребливо поради анатомски, физиолошки или функционални промени кај осигуреното лице.

Поправка на помагало и замена на делови на помагало се врши според Списокот за поправки на ортопедски помагала кој е составен дел на Правилник.

Потребата од поправка и ново помагало од ист вид пред истекот на утврдениот рок на траење на помагалото ја цени Лекарската комисија на Фондот. Поправката не се
одобрува во услови кога истата изнесува повеќе од 80% од цената на истовидно ново помагало и изминат е повеќе од половина од рокот на важноста на помагалото.

Правото на поправката, односно замената на делот на помагалото се одобрува од Фондот под услови утврдени во Правилникот.

Цените за поправка на ортопедските помагала од став 2 на овој член ќе се утврдат со посебна Одлука на Управниот одбор на Фондот.

**Цена**
**Член 12**

Цената по видови на ортопедските и други медицински помагала од член 1 на овој договор е утврдена со Одлуката за утврдување на цени на ортопедски и други помагала.

При промена на цената од став 1 на овој член, важат цените од Одлуката за утврдување на цени на ортопедски и други помагала, независно од цените наведени во спецификацијата за видот на ортопедските помагала од договор.

Доколку правното лице понуди пониска цена за одредено ортопедско помагало од референтната цена, се зема пониската понудена цена.

**Водење на посебна евиденција**
**Член 13**

Добавувачот задолжително води посебна материјална евиденција на ортопедски и други помагала кои се на товар на средствата на Фондот наведени во Списокот.

**Начин на фактурирање на услугите**
**Член 14**

По приемот на фактурите со прилозите и уплатена партиципација за месецот за кој се доставува фактурата, подрачната служба на Фондот во рок од 45 дена врши проверка на документацијата, после што во рок од 10 дена го известува добавувачот за утврдените отстапувања и недостатоци. Доколку во рок од 55 дена Фондот не достави такво известување се смета дека фактурите се прифатени. По истекот на рокот од 55 дена доколку со дополнителна контрола Фондот утврди неправилности во фактурите и потврдите, го задржува правото дополнително да постапува по истите.

Доколку со приемот на фактурата не се достави доказ за уплатена партиципација, истата се враќа на добавувачот. Рокот за исплата на фактурата почнува да тече од денот на уредно доставена фактура со бараната пропратна документација ( доказ за уплатена партиципација).

Приложените потврди за кои податоците за осигуреникот, издаденото помагало не се совпаѓаат со податоците во компјутерската евиденција на Фондот, како и за утврдени неправилности од овој договор, истите не се земаат предвид за плаќање.

За износот на овие неисправни потврди за кој се намалува фактурата на добавувачот, подрачните служби на Фондот доставуваат писмено известување со задолжување за намалување на фактурата. Добавувачот може да достави барање за увид во неисправните фактури во рок од 7 дена. Доколку по извршениот увид добавувачот

има забелешки, истите во рок од 7 дена  со приговор ги доставува до подрачната служба. По доставените забелешки постапува и одлучува раководителот на подрачната служба на Фондот.
Доколку приговорот се однесува на медицинска индикација, по истиот одлучува Секторот за контрола.
Добавувачот може да достави барање за увид во неисправните потврди. Доколку по извршениот увид добавувачот има забелешки, истите со приговор ги доставува до подрачната служба. По доставените забелешки постапува и одлучува раководителот на подрачната служба на Фондот.

**Член 15**

Согласно  Законот за здравственото осигурување, за осигурените лица - деца до 18 годишна возраст, како и за осигурените лица кои имаат потреба од протези за долни и горни екстремитети, слушни протези, ортооптички помагала, инвалидски колички и медицински помагала за функција на физиолошките празнења, цената на ортопедското помагало во фактурата се внесува во износ од 100%, без да се пресметува и наплатува учество од осигуреното лице.

**Партиципација**

**Член 16**

Добавувачот се обврзува да ги прибира средствата наплатени по основ на партиципација во определен износ на учество согласно Правилникот.
Добавувачот при издавањето на ортопедското и други медицински помагала задолжително ја  наплатува утврдената партиципација од осигуреното лице и му издава потврда за наплатата и фискална сметка.
Средствата од наплатената партиципација задолжително целосно се уплатуваат на сметката на Фондот најмалку еднаш месечно
Доколку добавувачот наплати партиципација од осигурените лица спротивно на прописите, износот на погрешно наплатените средства треба да ги врати на осигуреното лице.

**Рок на плаќање**

**Член 17**

Плаќањето на испорачаните ортопедски помагала, Фондот ќе го изврши до 120 дена од денот на приемот на фактурата и  доказ за уплатената партиципација.

**Обврски на добавувачот за лицата опфатени со меѓународни договори за социјално осигурување – странски осигуреници**

**Член 18**

На лицата опфатени со склучени (превземени) меѓународни договори за социјално осигурување - странски осигуреници, кои се наоѓаат на привремен престој во Република Македонија, добавувачот се обврзува да испорачува ортопедски и други помагала врз основа на договорен меѓународен двојазичен образец, или врз основа на Потврда за право на користење здравствени услуги на странски осигуреник и членовите на неговото семејство, издадена од подрачна служба на Фондот, или врз основа на европска картичка за здравствено осигурување (European Health Insurance Card - EHIC), доколку со таа земја Фондот има потпишано посебен договор за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територија на Република Македонија, или врз основа на Привремена Потврда/Сертификат, доколку европската картичка е во изработка, и врз основа на Потврда за потреба од ортопедско и друго помагало издадена од лекар специјалист од соодветната дејност, односно од лекарски тим од општа примарна здравствена заштита и истата заверена во подрачна служба на Фондот.

Добавувачот за испорачаното помагало на осигурените лица опфатени во став 1 на овој член наплатува партиципација, согласно Одлуката за утврдување на висината на учество на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лекови,

Добавувачот до подрачната служба на Фондот, каде е заверена Потврдата за потребата од ортопедско и друго помагало, најдоцна до 10-тиот ден од тековниот месец за претходниот месец, доставува во електронска и во пишана форма посебна фактура и спецификација, за испорачаните ортопедски и други помагала на

осигурените лица опфатени во став 1 на овој член, и во нив ја искажува и намалува пресметаната и наплатената партиципација.

Фактурирањето на подигнатите помагала добавувачот го врши по референтна цена на помагалото на денот на подигнување на истото од страна на осигурено лице од став 1 на овој член.

Доколку осигурено лице од став 1 на овој член, бара да подигне ортопедско или друго помагало од повисок стандард, таквото помагало е на терет на самото осигурено лице.

Во прилог на секоја фактура добавувачот задолжително доставува копија од Потврдата за потребата од ортопедско и друго помагало и копија од договорен меѓународен двојазичен образец, или копија од Потврда за право на користење здравствени услуги на странски осигуреник и членовите на неговото семејство, издадена од подрачна служба на Фондот, или копија од европска картичка за здравствено осигурување (European Health Insurance Card - EHIC), или копија од Привремена Потврда/Сертификат, и копија од потпишана Изјава/Верификација.

**Заеднички одредби**

**Член 19**

Ако во текот на извршувањето на договорот, добавувачот наиде на услови што ќе ја спречат навремената испорака на ортопедските помагала веднаш ќе го извести Фондот за фактот и причините поради кои се доцни како и за очекувано времетраење на доцнењето.

Веднаш по приемот на известувањето, Фондот ќе ја оцени ситуацијата и ќе донесе одлука дали ќе го продолжи договорот или ќе го раскине, за што писмено ќе го извести добавувачот.

**Член 20**

**Други обврски на добавувачот:**

1. Да го уплатува редовно придонесот за задолжително здравствено осигурување согласно одредбите на Законот за здравствено осигурување;
2. Да обезбедува стандардни ортопедски и други помагала на сите осигурени лица, без дискриминација;
3. Да ја почитува дискрецијата на податоците и информациите во врска со осигурените лица, нивниот дигнитет и интимност; Да издава потврда за наплатеното учество (партиципација) и фискална сметка, како и да не наплаќа дополнителни средства од осигурените лица, освен за утврденото учество;
4. Да му овозможи на Фондот увид и контрола на документацијата поврзана со извршените услуги во врска со договорот;
5. Да води уредна евиденција за сите набавени потрошни материјали и ортопедски помагала, со доказ за набавка;
6. На видно место да истакне ознака дека има склучено договор со Фондот, да го истакне работното време на сите специјализирани продавници, контакт телефон;
7. Да негува добри деловни односи со Фондот;
8. Потврдата за издадено ортопедско и друго помагало што ја издава за осигурени лица кои привремено престојуваат во земји со кои РМ има склучено меѓународен договор за социјално осигурување, треба да биде потврда за реално издадено помагало на осигурените лица;
9. Да издава ортопедски помагала исклучиво од Списокот на ортопедски помагала за кои има склучено договор со Фондот;
10. Добавувачот е должен да воспостави електронска комуникација (електронско сандаче) со која ќе се овозможи покрај писмено известување за некомплетна докумнетација истата да се проследи по електронски пат;
11. Добавувачот( Здравствената установа) е должен на WEB страната на Фондот редовно да ги следи сите новини како и да го следи Списокот на здравствени установи кои имаат склучено договор со Фондот за да а го упати осигуреното лице да оствари здравствена заштита на повисоко ниво.
12. Добавувачот е должен секој месец со доставување на фактурата да доставува и доказ за уплатена партиципација за месецот за кој ја доставува фактурата.

13. Добавувачот да не ја злоупотребува електронска здравствена картичка (ЕЗК) на осигуреното лице.
14. Добавувачот е должен на крајот на секој работен ден да врши заштита на податоците од електронското работење (backup) на преносен медиум (USB, CD или друга локација);
15. Добавувачот е должен при користење на податоците од веб портал/ веб сервисите на Фондот да се придржува на одредбите за заштита на личните податоци

**Контрола**
**Член 21**

Фондот има право да врши контрола на квалитетот на испорачаните ортопедски и други помагала, контрола на евиденција на издадените помагала, како и на останатите договорени обврски кои произлегуваат од овој договор.
Добавувачот се обврзува во секое време да им овозможи на овластените лица за контрола на Фондот увид и контрола во целокупното свое работење во врска со договорот.
Ликвидаторите на Фондот вршат контрола на фактурите, спецификациите, пресметките и останата пропратна документација согласно Упатството за фактурирање на здравствените услуги.
Постапката на доставување на приговор по извршена контрола во делот по записник/извештај, целосно е регулирана во Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување.

**Член 22**

Овластени лица за контрола на Фондот за вршење на мобилна и дежурна контрола кај правното лице ја утврдуваат фактичката состојба во моментот на контролата, увид и проверка на документација во врска со договорот, односно контрола на остварувањето на правата од задолжителното здравствено осигурување на осигурениците, контрола на документацијата за издадени ортопедски помагала, контрола на примена на одредбите од Законот за здравствено осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој Закон и другите прописи, контрола на спроведување на одредбите од Договорот.
Постапката на доставување на приговор по извршена мобилна и дежурна контрола во делот по записник/извештај, целосно е регулирана во Правилникот за овластувања и начин на работа на контролата на Фондот за здравствено осигурување.

**Спогодбено раскинување на договорот**
**Член 23**

Овој договор може да се раскине спогодбено во писмена форма.

**Еднострано раскинување на Договорот**
**Член 24**

Договорот може да се раскине со писмено известување, со отказен рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување.
Фондот има право во секое време без отказен рок еднострано да го раскине Договорот со здравствената установа, во следните случаи:

1. Стечај или ликвидација на добавувачот;
2. Ако на добавувачот, од надлежен орган му биде изречена мерка забрана за вршење на дејност;
3. Ако добавувачот континуирано не ги обезбедува стандардните ортопедски помагала;
4. Ако добавувачот неоправдано одбие на осигуреното лице да му ги обезбеди договорените услуги опфатени со овој договор;
5. Ако добавувачот не овозможи вршење на контрола од страна на Фондот;
6. Ако добавувачот постапува спротивно од одредбите на овој договор;
7. Ако не се исполнети критериумите врз основа на кои е склучен договорот;
8. Ако издава надстандарни помагала, а не ги понуди на осигуреното лице стандардните помагала;
9. Ако не негува добри деловни односи;
10. Ако постапува спротивно на законските и подзаконските акти;

11. Ако правното лице испорачува, а нема обезбедено од производителот односно друг добавувач решение за ставање во промет на територија на Република Македонија на медицинското помагало издадено од Бирото за лекови, согласно Законот за лековите и медицинските помагала;
12. Доколку издава ортопедски помагала кои не се на Списокот на ортопедски помагала за кои има склучено договор со Фондот, а фактурира на товар на средствата на Фондот помагало од Списокот;
13. Доколку добавувачот не обезбедува на осигурениците стандардни ортопедски или други помагала.

Договорот се смета дека е раскинат од денот на приемот на доставницата, како и во случаи кога двапати е направен безуспешен обид за достава.

**Член 25**

Во случај на еднострано раскинување на договорот од страна на Фондот согласно одредбите на овој договор, Фондот нема обврска да склучи нов договор.

**Член 26**

Договорните страни за одредени повреди на одредбите од овој договор, се согласија за исплата на договорна казна.
Износот на договорната казна, повредите за кои е определена можност за договорна казна како и рокот за исплата на договорна казна се утврдени со овој договор.
Доколку се утврдат повреди за кои е предвидено договорна казна и еднострано раскинување на договорот, се применува едностраното раскинување на Договорот.
Доколку се утврдат повеќе повреди за кои се предвидени различни висини на договорни казни, се изрекува повисоката договорна казна.
Доколку за настаната повреда е изречена опомена и истата нема да биде отстранети во рок од 8 дена се применува договорната казна во помал износ..
Доколку се утврдат повреди за кои се предвидени различни висини на договорни казни, кои се однесуваат на правното лице, ќе се применува договорна казна во повисок износ
Со исполнувањето на договорната казна за одредена повреда, истата важи за утврдени повреди до исполнувањето на договорната казна, а не се однесува за натамошниот период на важењето на договорот.
Со утврдување на договорната казна, правното лице се обврзува веднаш да ги отстрани утврдените повреди за кои е составен записникот од овластените лица за вршење на контрола од страна на Фондот.
Доколку при повторните контроли во исто правно лице во текот на важењето на договорот се констатираат и други повреди на договорните одредби ќе се изречат договорни казни, во согласност со одредбите од договорот.
Доколку во текот на 12 месеци за иста повреда на правното лице веќе два пати му е изречена договорна казна и при повторни контроли се утврди дека истата се повторува, Фондот без постапка мериторно ќе изрече договорна казна во дуплиран износ од претходно изречената договорна казна .
Рокот за исплата на договорната казна изнесува 30 дена од денот на доставувањето на известувањето од Фондот и се врши со уплата на договорната казна на сметката на Фондот.
Доколку договорната казна не се уплати во утврдениот рок , овој договор еднострано се раскинува од страна на Фондот од денот на доставување на известувањето од Фондот. Обврската за договорната казна останува да се наплатува по судски пат.
Фондот го задржува правото да одлучи дали ќе го продолжи важењето на договорот со правното лице кое навремено нема да ја плати изречената договорна казна.
Фондот нема да склучи нов договор пред истекот на најмалку 3 месеци од раскинувањето на предходниот договор.
Доколку правното лице сторило повреди на договорните одредби во последните три месеци од важењето на договорот склучен за 2010/2011 година и анексите на договорите за 2012 и 2013 година, поради постоење на континуитет во работењето со Фондот, со склучување на овој договор Фондот го задржува правото еднострано да му го раскине истиот или да му изрече договорна казна, во зависност од сторената повреда.
Изрекувањето на договорната казна не го ослободува правното лице од поведување на прекршочни санкции доколку е сторен прекршок според член 84 од Законот за здравствено осигурување.

**Член 27**

**Договорна казна во износ од 75.000,00 денари се утврдува за следните повреди:**

1. Доколку во рок од 20 дена, добавувачот писмено не го извести Фондот за било какви промени (статусни, седиште, проширување, промена на дејноста, измени на бројот на организациони единици);
2. Доколку добавувачот за издаденото помагало повеќе наплати од цените утврдени со Одлуката*;*
3. Доколку не издава потврда за наплатеното учество (партиципација) и фискална сметка, како и доколку наплаќа дополнителни средства од осигурените лица, освен за утврденото учество:
4. Доколку добавувачот не води евиденција за издадените ортопедски и други помагала на товар на Фондот;
5. Доколку не обезбеди асортиман на ортопедски и други помагала според спецификацијата;
6. Доколку при вршење на контрола се утврди дека помагалото не е испорачано во предвиден рок;
7. Доколку добавувачот не го уплатува придонесот за задолжително здравствено осигурување.
8. Доколку добавувачот издаде потврда за нереално испорачано ортопедско и друго помагало за осигурено лице кое привремено престојува во земји со кои РМ има склучено меѓународен договор за социјално осигурување.
9. Доколку не издава потврда за наплатено учество за подигнатото помагало.
10. Доколку добавувачот дејноста ја обавува надвор од специјализираните продавници наведени во Прилог бр.2 од договорот.
11. Доколку добавувачот работи спротивно на договорните одредби за кои не е предвидена договорна казна согласно одредбите од овој договор.

**Член 28**

**Договорна казна во износ од 35.000,00 денари се утврдува за следните повреди:**

1. Доколку добавувачот доставува неточни податоци до Фондот и доколку не ги доставува во утврдениот рок;
2. Доколку добавувачот не води уредна евиденција согласно законските прописи, подзаконските акти на Фондот и одредбите на овој договор;
3. Ако постои писмено незадоволство на осигурените лица кои ги користат ортопедските и други помагала;
4. Доколку добавувачот не обезбедува ортопедски и други помагала на сите осигурени лица, без дискриминација;
5. Доколку добавувачот не ја почитува дискрецијата на податоците и информациите во врска со осигурените лица, нивниот дигнитет и интимност;
6. Доколку добавувачот на видно место нема истакнато ознака дека има склучено договор со Фондот,
7. Доколку не води уредна евиденција за сите набавени потрошни материјали и ортопедски помагала, со доказ за набавка
8. Доколку добавувачот не води посебна материјална евиденција на ортопедски и други помагала кои се на товар на средствата на Фондот наведени во Списокот.

. **Начин на склучување на договори**
**Член 29**

По претходно дадена согласност од добавувачот, договорите со здравствените установи ќе се склучуваат исклучиво по електронски пат преку користење на услугите од веб порталот на Фондот со нивно електронско потпишување од страна на овластените лица. Електронска верификација на договорот овластеното лице на здравствената установа ќе ја врши со користење на електронска здравствена картичка (ЕЗК).
Договорот се смета за склучен откако ќе биде електронски верификуван од страна на овластените лице од двете договорни страни.

Секоја договорна страна го задржува правото да испечати примерок од електронски потпишаниот договор заради своја евиденција.

**Промени на Договорот**
**Член 30**

За секоја промена на одредбите на овој договор, договорните страни склучуваат анекс на договорот.

**Промена на прописите**
**Член 31**

При промена (измени и дополнувања) на прописите кои се директно поврзани со примената овој Договор (закони и подзаконски акти), доаѓа до промена на одредбите од Договорот, согласно извршените измени.
Се што не е предвидено во одредбите на овој договор, важат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Судска надлежност**
**Член 32**

За решавање на споровите што ќе настанат од овој Договор, надлежен ќе биде Основен суд Скопје 2 Скопје на Р.Македонија.
Во случај на судски спор валидни ќе бидат податоците земени од електронска евиденција на податоци на Фондот врз основа на кој е склучен овој договор.

**Влегување во сила на договорот**
**Член 33**

Овој договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни, а ќе се применува за период од 01.01.2014 до 31.12.2018 година.